Жито Малеш Свињарска фарма
Акционерско друштво
Бр. 0201-78
30.05. 2012 год
Берово

# ДОГОВОР

**За испорака и користење на арско ѓубре и осока**

Склучен на ден 30.05.2012 година во Берово

1. Свињарската фарма Жито Малеш АД Берово, застапувано од директорот на друштвото Драгољуб Треновски од една страна (како испорачувач на арско ѓубре и осока) и
2. Јанговски Петар застапувано од Јанговски Петар како корисник од друга страна(како корисник на арско ѓубре и осока)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е испорака и користење на арско ѓубре и осока за наѓубрување за земјоделско земиште.

Член 2

Испорачувачот на арско ѓубре и осока е сопственик на свињарска фарма лоцирана на место викано стојчев дол и како одпаден матерјал произведува арско ѓубре и осока,кое ке го испорачува на корисникот на арско ѓубре за ѓубрење на земкоделско земиште, кое корисникот го користи согласно договорот за закуп на земјоделско земиште, и истото е лоцирано на место викано Ровништето Ѓугиште со вкупна побршина од 1.04.41 хектари. имотен л. 806 КО Ровобо

НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕЧНО АРСКО ЃУБРИВО

Член 3

Испорачувачот на течно арско ѓубре кое ке се испорачува со пумпи се обврзува испораката да ја врши без надомест и трошоците за исфрлање самиот ќе ги надоместува.

Испорачувачот на течно арско ѓубре кое ке се испорачува на одалечени земјоделски површини – Испраката ќе ја врши со надокнада за трошоците за исфрлање.Висината на надокнадата ќе бидат зависност од големината на возилото што ке се користи при транспортот на арско ѓубре и осока и тие изнесуваат ______/______ денари.

Корисникот е должен да достави имотен лист за површината која ке се користи за наѓубрување со вкупна површина на истата и Катастерски број на парцелата.

ВРЕМЕ ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Неограничен

ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 5

Договорот стапува во сила со денот на донесувањето.

Член 6

Договорот е составен во 2 (два)еднообразни примероци, по 1(еден) за двете договорени страни.

[signature] ______________

Жито Малеш АД Берово
Треновски Драгољуб

Свињарска фарма Жито Малеш Берово Акционерско друштво